04-2267/1
22 -08- 2024

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.143/19 и 14/20), Државната комисија за спречување на корупцијата, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата, бр.02-2532/1 од 24.07.2020 година, Правилникот за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.04-723/1 од 15.02.2021 година и Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-2532/1 од 24.07.2020 година и на Правилникот за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.04-723/1 од 15.02.2021 година, бр.04-576/1 од 05.02.2024 година.

### Член 2

Во Глава „III. Опис на работните места во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата“, во точка 5. Сектор за спречување судир на интереси, следење на имотна состојба и интереси и лобирање, во работното место со реден број „35“, со шифра УПР0101Б02000, со звање Раководител на сектор и назив на работното место Раководител на сектор за спречување судир на интереси, следење на имотна состојба и интереси и лобирање, **во делот Вид на образование, зборовите „Правни науки“ се заменуваат со зборовите „Општествени науки-Економија и бизнис, Право и Политички науки“, а во делот Други посебни услови, зборовите „Положен правосуден испит“ се бришат.**

Член 3

Во Глава „III. Опис на работните места во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата", во точка 5. Сектор за спречување судир на интереси, следење на имотна состојба и интереси и лобирање, во Одделение за следење на имотна состојба и интереси, во работното место со реден број „41", со шифра УПР0101Б04000, со звање Раководител на одделение и назив на работното место Раководител на одделение за следење на имотна состојба и интереси, **во делот Вид на образование, зборовите „Економски науки или Правни науки" се заменуваат со зборовите „Општествени науки", а во делот Други посебни услови, зборовите „лиценца за ревизор" се бришат.**

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиена писмена согласност од Министерството за јавна администрација.

Претседател

Татјана Димитровска